РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**
ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бр.52/1/4,
1000 Скопје, Р.Македонија, тел.факс: + 389 2 3220 407
web: www.arpz.mk ; e-mail: arpz@arpz.mk

07.11.12

**Бр.07-441/1**
**06.11.2012 година**
**С к о п ј е**

**ДО: Управа за сигурност во железничкиот систем**
**Г-дин Јовица Страшески**

**ЧИТА: Министер за транспорт и врски**
**Г-дин Миле Јанакиески**

**Директор на МЖ Транспорт АД Скопје**
**Г-дин Оливер Деркоски**

**ПРЕДМЕТ: Контрола на исполнување на валидноста на дозволата за вршење на јавен железнички превоз на МЖ Транспорт АД Скопје**

Почитувани,

Согласно член 17 од Законот за железнички систем („Службен весник на Р.М." број 48/10, 23/11 и 80/12) дозволите за вршење на јавен железнички превоз на железничките превозници се важечки се додека ги исполнуваат условите утврдени во член 16 став (1) од овој закон. Контролата на исполнувањето на условите од членот 16 став (1) од овој закон ја врши Агенцијата и тоа најмалку на секои 5 години од денот на издавањето на дозволата.

МЖ Транспорт АД Скоје поседува дозвола за вршење на јавен железнички превоз со бр.12-3275/3, издадена од Министерството за транспорт и врски на ден 27.05.2009 година.

Агенцијата на ден 06.08.2012 година се обрати до МЖ Транспорт АД Скопје со допис број 07-289/1, со кое побара друштвото да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за железнички систем („Службен весник на Р.М." број 80/12), а воедно и изврши контрола на исполнувањето на условите утврдени во член 16 став (1) од Законот за железнички систем.

МЖ Транспорт АД Скопје ги достави сите потребни документи предвидени со Законот за железнички систем, врз основа на кои Агенцијата ја потврди валидноста на Дозволата за вршење на јавен железнички превоз.

Со почит,

в.д. Директор

07. 11. 2012

Никола Костадиновски